Support to Electoral Reforms
in the Western Balkans

# Регулирање на изборните кампањи во онлајн просторот со кодекси за однесување: примерот на Северна Македонија

## Кус преглед на активноста

Финансиран од
Европската Унија

Со финансирање
од
Austrian
Development
Agency

Во периодот од септември 2022 г. до октомври 2023 г., ОДИХР ѝ даде поддршка на **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Северна Македонија** (Агенцијата) при изготвувањето на **Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми** (Кодекс).

Кодексот го третира однесувањето на политичките партии и кандидатите во онлајн просторот, вклучително и на социјалните мрежи, за време на изборните процеси и референдуми. Го опфаќа и однесувањето во онлајн просторот на медиумите, проверувачите на факти и другите субјекти кои можат да влијаат врз јавноста за време на кампањата. Кодексот е на доброволна основа и е наменет да служи како насока за обезбедување на интегритет на информациите на интернет за време на избори и референдуми. Исто така, има за цел да обезбеди транспарентност на рекламирањето во онлајн просторот во рамки на кампањата и нејзиното финансирање, приватност и безбедност на обработката на личните податоци на граѓаните, како и спречување на ширењето дезинформации, говор на омраза и дискриминација.

Кодексот е иновативна алатка за справување со предизвиците на изборниот интегритет во онлајн просторот  и е прва ваква иницијатива во Западен Балкан. Агенцијата го усвои во инклузивен и проактивен процес заедно со Здружението на новинарите на Македонија, Македонскиот институт за медиуми, Советот за етика во медиумите на Македонија, Институтот за комуникациски студии и Фондацијата „Метаморфозис“. Процесот се засноваше на искуства засновани на „добра практика“, со првично собирање на информации за регулаторните опции, по што следеа широки и структурирани консултации со сите засегнати страни. Ова би требало да го зголеми легитимитетот на Кодексот, да ја консолидира неговата ефективност и да го зајакне чувството на одговореност и посветеност. Со цел да се обезбеди усогласеност на одредбите со првично идентификуваните проблеми и цели, Кодексот помина низ опширен процес на ревизија.

Помошта којашто ОДИХР ѝ ја обезбеди на Агенцијата е дел од проектот **Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан**, финансиран од Европската унија и Австриската агенција за развој. Проектот ги поддржува институциите и граѓанското општество во имплементирањето на препораките од мисиите за набљудување на изборите.

## УСВОЈУВАЊЕ И ПОМОШ ОД ОДИХР

Иако изборните кампањи генерално се предмет на јасни регулаторни одредби, онлајн кампањата останува во голема мера нерегулирана и обидите за сузбивање на дигиталните опасности за интегритетот на изборите се релативно нови; онлајн регулацијата континуирано се развива соодветно на новите цели на политиката. Во овој контекст, со повеќекратни регулаторни обиди — вклучувајќи и усвојување кодекси за однесување — земјите би можеле да се справуваат со новите опасности за демократската дебата што произлегуваат од социјалните мрежи и медиумските интернет платформи.

Во јули 2022 г., Агенцијата се обрати до ОДИХР со барање за помош во различни области на медиумската регулатива, вклучително и за изготвувањето насоки за подготовка на кодекс на однесување за главните изборни чинители за водење на кампањата во онлајн просторот.[1] Агенцијата беше проактивна во иницирањето на процесот на дефинирање, елаборирање, консултации и усвојување на Кодексот. ОДИХР ја поддржа Агенцијата на неколку начини.

## ПОДДРШКА ОД ОДИХР

**Декември 2022 г.**

ОДИХР подготви преглед на компаративни примери и најдобри практики за усвојување на кодекс на однесување за онлајн кампањи.

**Февруари 2023 г.**

Агенцијата организираше првичен состанок со претставници на медиумските организации за да започне дискусија за Кодексот.

**Март 2023 г.**

ОДИХР организираше посета во Холандија во текот на која Агенцијата размени искуства со клучните соговорници, вклучително и со **Управата за медиуми**, во врска со **регулирањето** на изборните кампањи во онлајн просторот.

**Април 2023 г.**

ОДИХР го разгледа нацрт кодексот и даде стручни совети за негово усогласување со меѓународните стандарди и заложби за демократски избори и слобода на изразување.

**Октомври 2023 г.**

По дополнителни консултации со релевантните субјекти, Агенцијата, со поддршка од ОДИХР, организираше национална **работилница за јавно презентирање на Кодексот**.

### КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОДЕКСОТ

Кодексот го опфаќа регулирањето на онлајн кампањите во согласност со демократските принципи и добрата практика за заштита на слободата на изразување, задржувајќи се на клучните прашања, како што се интегритетот на информациите, транспарентноста на рекламирањето во рамки на кампањата и начинот на финансирање на кампањата, дезинформациите, говорот на омраза и дискриминацијата. Неговата главна сила лежи во сеопфатниот пристап кој ја препознава сложената природа на изборните кампањи и соодветните онлајн опасности за изборниот интегритет, истовремено ангажирајќи ги сите клучни изборни чинители.

Кодексот, исто така, вклучува важен регулаторен елемент, преку формирање надзорен механизам со повеќе засегнати страни — Координативно тело — кое е задолжено за постапување по претставки. Неговиот состав и функции се засновани на дијалог, транспарентност и отвореност и се утврдени во подробен Меморандум за соработка. Посебната веб-страница за претставки и одговори оди во прилог на транспарентноста и отчетноста на Координативното тело. Друг важен иновативен елемент е консултативниот процес помеѓу Координативното тело и другите државни институции, механизам кој треба да ги зајакне легитимитетот и издржаноста на донесените одлуки.

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Имплементацијата на Кодексот може да се оцени само по одржување на следните избори во Северна Македонија, закажани за 2024 година. Потоа ќе може да се извлечат заклучоци и да се оценат постигнувањата и слабостите. Меѓутоа, пред тоа, може да се размислува за потенцијалните предизвици за ефикасноста на Кодексот и начините за нивно спречување и/или решавање:

- Од клучно значење е сите вклучени субјекти вистински да се посветат на принципите утврдени во Кодексот, вклучувајќи ги и политичките партии и кандидатите кои сè уште не го прифатиле.
- Подеднакво важно е постапките за претставки да бидат брзи и пресудата за наводните прекршоци да се спроведува правично. Ова, од една страна, ќе обезбеди право на ефикасен правен лек, а од друга страна, легитимитет и спроведување на одлуките усвоени од Координативното тело.
- Дезинформациите често потекнуваат од домашни субјекти, а атмосферата на изборната кампања може да ги засили нивниот тон и комуникациска стратегија. Од огромно значење е да се ангажираат овие субјекти во обидот за регулирање на онлајн просторот.
- Вклучувањето на технолошките компании е уште еден клучен елемент. Координативното тело треба да истражи дали може да се отворат канали за соработка и консултации со главните платформи кои се активни во Северна Македонија.
- На Координативното тело, исто така, ќе му треба солидна експертиза за анализа на социјалните медиуми. Редовните состаноци помеѓу потписниците на Кодексот на коишто ќе се дискутира неговата имплементација треба да го поттикнат разбирањето на и увидот во клучните одредби и нивното толкување.
- Конечно, може да биде тешко да се припише некому одредена содржина и однесување на социјалните мрежи, а следењето на приватните групи може да биде тешко; не може да се очекува целосно почитување на кодексите. Затоа, реалните очекувања се клучни за обезбедување доверба и прифаќање на Кодексот.

Повеќе информации се достапни на: www.osce.org/odihr/wb

*Ставовите, мислењата и содржините изразени во овој извештај
не мора да ги одразуваат ставовите на донаторите или на Агенцијата.*

1. Ова барање уследи по учеството на Агенцијата на конференцијата на ОДИХР, **„Регионална перспектива на водењето изборна кампања во онлајн просторот - предизвици и можности за изборен интегритет“**, која се одржа во мај, 2022 година.